# Концерт на пијано

# дуо „Танго“

**Невенка Дуковска**
**Ангеле Михајловски**

## ПРОГРАМА

1. ***G.Gershwin - Rhapsody in Blue***
   ***Arr.H.Levine - Piano duet***

2. ***T.Leon – „Laura“***
   ***Валцер за четири раце***

3. ***V. Azarashvili - Sentimental Tango***

4. ***Shaun Choo - Fiestravaganza***

5. ***J.Brahms - Brahms in Salsa***
   ***arr. Tal Zilber***

**д-р Невенка Дуковска (Трајкова),** пијанистка, родена 1984 година во Скопје, Македонија. Потекнува од музичко семејство и свири на пијано уште од рана возраст. Основно и средно музичко образование завршува во музичкото училиште „Сергеј Михајлов“ во Штип, градот каде што живее и работи. Дипломира во 2006 г. на отсекот пијано при Националната музичка академија „Панчо Владигеров“ - Софија, Бугарија во класата на проф. Антон Диков и асистент Елена Дикова. Своите постдипломски/магистерски студии ги има завршува на истата Музичка академија,во 2008 г. исто така на отсекот пијано. Во 2013 година докторира на истата музичка академија од областа на камерната музика и корепетиција, преку која што ја истражува, а воедно и афирмира современата музика. Во моментов работи како вонреден професор на Музичката академија на Универзитетот Гоце Делчев во Штип, Македонија.
Член е на меѓународни натпревари, како уметнички директор, претседател и член на меѓународни жирија во Македонија и во странство. Добитничка е на неколку први награди како пијанист, како и награда од Арт фестивалот „Езерски бисери“ – Струга за најдобар уметнички соработник. Добитник е и на две награди „8 Ноември“ од градот Штип и градот Неготино. Во 2018 година, како член од класичното дуо Grazioso добија и признание од градоначалникот на градот M`diq, Мароко, Африка за нивниот придонес во областа на културата. Посетува многу семинари за пијано, симпозиуми и меѓународни конференции; Има учествувано на многу меѓународни и државни натпревари, меѓународни уметнички фестивали итн.

Како пијанист и корепетитор активно настапува низ Европа, Африка и Америка, најчесто има настапувано низ Македонија, Австрија, Шпанија, Италија, Србија, Косово, Бугарија, Грција, Мароко и други. Покрај бројните солистички концерти, таа настапува и со различни камерни состави. Невенка Дуковска е постојан член на камерното трио (сопран, флејта и пијано), како и на класичното дуо „Грациозо“ (сопран и пијано), со кое има настапувано на различни фестивали во Македонија и во странство: Србија, Бугарија, Словенија, Австрија (2015 и 2016), Шпанија и неколку пати во Мароко, Африка (2016, 2017 и 2018 година).
Има реализирано неколку проекти поддржани од Министерството за култура, како „Автобиографски портрети на македонски композитори“ реализиран во

2012 година со Ванчо Аревски (флејта), потоа во 2017 година - неколку концерти на фестивалот „Ентреритмос“ во Мароко со Кристина Палија (сопран), 2018 – Концерт во Кавадарци, Македонија, исто така проект за промоција на современа музика, а оваа 2022 година настапи на концерт со дуото флејта и пијано во Њујорк,САД и два концерта на турнеја низ Шпанија (Мадрид и Сеговија) со дуото сопран и пијано.

Таа е автор на неколку скрипти, интерни скрипти со вежби, има објавени неколку текстови во списанија во Аман (Јордан), Софија (Бугарија), списание „Музика“ - Струга и други годишни зборници. Во 2021 година излезе нејзината прва книга, со наслов „Современа нотација во литературата за пијано“.

**д-р Ангеле Михајловски** е роден 1982 година, основното музичко училиште го завршил во родниот град Охрид, а средното музичко образование го продолжува во Штип во класата на проф. Јасминка Бикова. Студиите ги продолжува на Факултетот за музичка уметност во Скопје во класата на проф. Стела Слејанска, период во кој се стекнува со огромно пијанистичко искуство, земајќи учество на повеќе државни и меѓународни натпревари каде освојува вредни награди. Веднаш по дипломирањето се вработува во Средното музичко училиште во Штип, но и продолжува со магистерските студии исто така под менторство на проф. Слејанска и во 2010 година успешно ги завршува. За време на студиите бележи бројни солистички, но и камерни концерти во Македонија, но и во други држави како Србија, Бугарија, Чешка, Франција, САД итн.

Од 2010 година е член на музичкиот состав „Портал“ со кој успешно реализираат повеќе проекти и концерти. Од 2007 година Ангеле Михајловски е вработен на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, каде работи како професор по пијано, а во меѓувреме ги реализира докторските студии по пијано во класата на проф. д-р Ана Гацева, на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Од септември 2017 година е организациски раководител на дувачкиот оркестар Проарт од Штип, со кој реализираат бројни концертни активности на важни настани и фестивали.

